ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Број 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk

Редовна членка на CISAC Меѓународна Конфедерација на Друштва на композитори и автори

Редовна членка на BIEM Меѓународно биро за механички изданија

НН: Реагирање од ЗАМП
Н: Правото над сè, музиката во сè!
ПН: Авторите во ЗАМП уште чекаат одговори од Министерството за култура

Авторите од ЗАМП го поздравуваат известувањето од Министерството за култура во врска со јавното соопштение на Здружението од 02.11.2016 г. во кое се тврди дека "истиот ден на доставување на решението до ЗАМП, паралелно била поведена и постапка пред надлежниот суд за оценка на законитоста на актот" и дека "Правната неоснованост на овој акт, може да ја цени само надлежниот суд".
Тоа одамна го бара ЗАМП. Затоа што сега станува јасно оти се додека судот не донесе правосилна одлука или додека авторите сами не ја стават вон сила забраната за јавно емитување музика, никој нема право да прејудицира своеволни заклучоци.
Меѓутоа, Министерството за култура им остана должно да им одговори на авторите од ЗАМП на многу суштествените прашања:
- Зошто не даде мислење во врска со непостоењето согласност меѓу ЗАМП и СОКОМ МАП за одржувањето на системот за електронска евиденција, купен со пари на авторите во ЗАМП;
- Зошто не изготви правилник во кој ќе го опфати описот и техничките карактеристики на системот за електронска евиденција;
- Зошто не определи организација која ќе се смета за овластена за прибирање надоместоци за користење на авторски дела;
- Зошто не донесе решение за одземање на дозволата за колективно управување на организацијата СОКОМ МАП, бидејќи во определениот рок таа не објави правилник со тарифа за наплата на авторски надоместоци.
Министерството за култура беше должно да го направи тоа во определените законски рокови (според членовите 135-б, 135-д, 149 ст.5 и 150 ст.5 од Законот за авторското право и сродните права). Сите автори во ЗАМП застануваат зад заложбата на Министерството за култура дека „Република Македонија е правна држава и во таа смисла никој не е над законите, ниту било која институција, ниту поединец, ниту ЗАМП". Единствено на тој начин може да се приближиме до решение на проблемите и за враќање на музиката во медиумите.
За наша музика, за светска музика!

Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП – Скопје

Здружение за заштита на авторски музички права „ЗАМП" Скопје 1